Предлагач: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, февруари 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: Pranuar: | 18. 02. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia Org. | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 1141/1 | | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 236/22 и 3/25), се уредуваат правата и обврските на потрошувачите и на трговците во потрошувачките односи, начините и постапките на заштита на правата на потрошувачите, информирањето на потрошувачите, унапредувањето на знаењето на потрошувачите за нивните права и начините и постапките на нивна заштита, правата и обврските на здруженијата и сојузите чија област на дејствување е остварувањето на целите на заштита на правата на потрошувачите, правата и обврските на надлежните органи, тела и други носители на заштитата на правата на потрошувачите, како и други прашања од значење за положбата и заштитата на правата на потрошувачите.

Основната цел на Република Северна Македонија во сферата на заштита на потрошувачите е унапредување и заштитата на правата на потрошувачите. Согласно со стратешките приоритети на Европската Унија за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните, стандардите за заштита на потрошувачите се однесуваат на подобрување на законодавството за заштитата на потрошувачите, подобрување на информираноста и едукацијата на потрошувачите, како и подигање на свеста за нивните права и зајакнување на соработката помеѓу институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и поддршка на невладиниот сектор, во делот на заштита на потрошувачите.

Според Европската Комисија во Извештајот за Северна Македонија за 2024 година, во однос на Поглавјето 28, Република Северна Македонија останува умерено подготвена во областа на заштитата на потрошувачите и здравствената заштита. Со овој извештај се препорачува во 2025 година да се донесе Стратегија за заштита на потрошувачите 2025-2028 година, потоа создавање веб-платформа за информирање на јавноста за проблемите на потрошувачите и зајакнување на капацитетите за надзор на пазарот.

Храната е основна потреба на човекот и има одлучувачко влијание врз благосостојбата и здравјето на човекот, како и врз стандардот на граѓаните. Статистичкиот годишник на Република Северна Македонија за 2024 на Државниот завод за статистика покажува дека домаќинствата во 2023 година половина од домашниот буџет го трошеле на храна и пијалаци, од кои најмногу за месо, млечни и житни производи. Некои прехранбени производи претставуваат основа за задоволување на основните потреби на населението, па оттука потребна е заштита од страна на државата дека трговците нема прекумерно да ги зголемуваат цените. При тоа, мора да се земе предвид положбата на потрошувачот како економски послаба страна, а особено положбата на ранливите потрошувачи.

Со цел заштита на потрошувачите, многу значаен потрошувачки однос е информирањето на потрошувачите за цените на стоките и услугите преку правилно

означување на цените од страна на трговецот. Продажната и единична цена треба да бидат јасно означени на видлив и читлив начин за да потрошувачот има подобра прегледност и споредливост на цените. Во Поглавјето 2 од Законот за заштита на потрошувачите (*) уредени се одредби за обврските на трговецот при означување на цените, односно на видлив, јасен и читлив начин означување на продажната и единичната цена. Исто така, пропишани се начини на означување на цената, така што продажната, односно единичната цена мора да биде означена на самата стока, односно на нејзината амбалажа, кога тоа е возможно, во спротивно единичната цена треба да биде означена над или покрај продажното место каде што стоката е изложена со јасно, видливо и читливо упатување без создавање на забуна за која стока се однесува.

Заради обезбедување на транспарентност на цените на стоките, врз основа на што секој граѓанин ќе може да донесе одлука при купување која ќе биде базирана на информираност, потребно е доуредување на овие одредби од Законот за заштита на потрошувачите (*) во насока на обврзување на трговците да ги објавуваат на своите веб страници тековната продажна, односно единичната цена на секоја стока што ја нудат за продажба. Оваа обврска би се однесувала за трговците кои вршат дејност согласно со Националната класификација на дејности - НКД Рев. 2.1 со шифра 47 – Трговија на мало, и тоа за малите, средните и големите трговци, додека микротрговците и трговците-поединци се ослободени од оваа обврска. Исто така, за оние трговци кои имаат повеќе од еден продажен објект, истите ќе треба да ги објавуваат цените на стоките, поединечно за секој свој продажен објект. Ваквото законско решение се очекува да доведе до фер конкуренција и пониски цени, особено во секторот на прехранбени производи, при што ќе може да се направат и апликации и веб-страници кои ќе им овозможат на потрошувачите да ги споредуваат цените помеѓу различните трговци на мало.

Вакви законски решенија не се новина и се содржани во законите од областа на заштитата на потрошувачите и успешно се применуваат и во Франција и други држави. Франција има строги правила за заштита на потрошувачите и фер конкуренција, особено во прехранбениот сектор. Овие правила се регулирани во Законот за заштита на потрошувачите и европските директиви за електронска трговија. Освен тоа, наведените измени и дополнувања се во согласност со Директивата 98/6/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 16 февруари 1998 година за заштитата на потрошувачите при означувањето на цените на стоките што им се нудат на потрошувачите (CELEX бр. 31998L006), која е транспонирана во предметниот закон.

Со објавувањето на цените на интернет ќе се обезбеди постигнување на следниве цели:

- Транспарентност: Потрошувачите ќе имаат лесен пристап до информациите за цените;
- Фер конкуренција: Трговците ќе бидат подеднакво обврзани да ги почитуваат овие одредби;
- Заштита на потрошувачите: Потрошувачите ќе бидат заштитени од нефер практики, како што се скриени трошоци или нејасни цени.

Воедно, за целите на надзорот над спроведувањето на законските одредби, се предвидува соодветно дополнување на прекршочните одредби од Законот за заштита на потрошувачите (*) со глоби за трговците кои ќе постапат спротивно на одредбите од овој закон, како и на одредбите за овластувањата што ги имаат инспекторите од Министерството за економија – Државниот пазарен инспекторат над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Од овие причини и заради спречување на прекумерното покачување на цените кое оди на штета на благосостојбата и стандардот на граѓаните, пред се поради недостаток на транспарентност во однос на цените на производите и неинформираност на потрошувачите, се предлага Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите е да се заштитат интересите на потрошувачите и да се обезбеди основа за подобра информираност на потрошувачите за цените на производите кои сакаат да ги купат и за олеснување на споредливоста на цените. Исто така, ќе се осигура транспарентноста во однос на потрошувачите и ќе се спречи нефер конкуренцијата и злоупотребата на пазарот.

Законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои е заснован и основниот текст на Законот за заштита на потрошувачите (*).

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на овој закон не повлекува финансиски импликации и за донесување на истиот не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој закон не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на Закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Член 1

Во Законот за заштита на потрошувачите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 236/22 и 3/25), насловот на Поглавјето 2 се менува и гласи: „ОБВРСКИ НА ТРГОВЦИТЕ ПРИ ОЗНАЧУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ“.

Член 2

Насловот на членот 11 се менува и гласи: „Општа одредба за означување и објавување на цените“.

Во член 11 во ставот (1) по зборот „означи“ се додаваат зборовите: „и објави“.

Член 3

По членот 15 се додаваат нов наслов и нов член 15-а, кои гласат:

„Објавување на цените

Член 15-а

(1) Мал, среден и голем трговец кој врши дејност трговија на мало, согласно со Националната класификација на дејностите, должен е на својата веб страница да ја објави, одделно за секој свој продажен објект, тековната продажна, односно единичната цена во моментот на објавување на секоја стока што ја нуди за продажба.

(2) Ажурирањето на цените од ставот (1) на овој член се врши на дневна основа.

(3) При објавување на цените од ставот (1) на овој член се применуваат одредбите од овој закон за означување на цените.

(4) Начинот на објавување на цените на стоките и податоците што треба да се објавуваат согласно со ставот (1) на овој член, го пропишува министерот за економија и труд.“

Член 4

Во член 210 во ставот (2) точката 2) се менува и гласи:

„ги означува и објавува цените согласно со одредбите од членовите 11, 12, 13, 14, 15, 15-а, 16 и 17 од овој закон;“.

Член 5

Во член 215 во ставот (1) по точката 2) се додава нова точка 2-а), која гласи:

„2-а) не ги објавува цените на својата веб страница или ги објавува спротивно на одредбите од членот 15-а од овој закон;“

Во ставот (2) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен за прекршокот од точката 2-а).“.

Во ставот (6) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен за прекршокот од точката 2-а).“.

Во ставот (10) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен за прекршокот од точката 2-а).“.

Член 6

Трговците од членот 3 од овој закон, со кој се додава нов член 15-а, должни се во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон да го усогласат своето работење со одредбите од овој закон.

Член 7

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 10 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите содржи осум члена.

Со членот 1 се врши промена на насловот на Поглавјето 2 со оглед дека со одредбите од ова поглавје се уредуваат обврски на трговците при означување и објавување на цените.

Со членот 2 се врши промена на насловот на членот 11, кој се менува и гласи: „Општа одредба за означување и објавување на цените“, како и се менува ставот (1) со цел уредување на обврска за трговецот да ги означува и да ги објавува стоките со продажната и единичната цена за стоките, на недвосмислен, видлив, читлив и јасен начин, а со цел за подобра информираност на потрошувачот и за олеснување на споредливоста на цените.

Со членот 3 по членот 15 се додаваат нов наслов и нов член 15-а, со кој се уредува дека големите, средните и малите трговци кои вршат дејност трговија на мало, со шифра 47 согласно со Националната класификација на дејности - НКД Рев. 2.1, се должни на својата веб страница да ја објават, одделно за секој свој продажен објект, тековната продажна, односно единичната цена во моментот на објавување на секоја стока што ја нудат за продажба. Усогласувањето на цените ќе се врши на дневна основа, а при објавување на цените ќе се применуваат одредбите од овој закон за означување на цените. Исто така, се дава овластување за министерот за економија и труд да го пропише со подзаконски акт начинот на објавување на цените на стоките и податоците што треба да се објавуваат согласно со ставот (1) на овој член. На ваков начин ќе се обезбеди основа за подобра информираност на потрошувачите за цените на стоките кои сакаат да ги купат и ќе се олесни споредливоста на цените.

Со членот 4 се менува членот 210 став (2) точката 2) со овластување за инспекторите, при вршењето на инспекцискиот надзор, да испитуваат и дали трговецот ги објавува цените согласно со одредбите од членот 15-а од овој закон. При тоа, во вршењето на инспекцискиот надзор инспекторите ги имаат правата, обврските и овластувањата предвидени со овој закон и со посебните прописи каде се утврдени нивните надлежности.

Со членот 5 се врши доуредување на прекршочни одредби од Законот со оглед дека во член 215 став (1) се предвидува нова точка 2-а) со која се пропишува глоба во соодветен износ за прекршок на правното лице – мал, среден и голем трговец, доколку ги објавува цените спротивно на одредбите од членот 15-а од овој закон. Одредбите од член 15-а од овој закон нема да се однесуваат за микротрговец и трговец-поединец, па во оваа насока се врши допрецизирање на прекршочните одредби.

Со членот 6 е уредена предна одредба за усогласување на работењето на трговците од членот 3 од овој закон, со кој се додава нов член 15-а, во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Со членот 7 е уредена одредба со која се утврдува рок за донесување на подзаконскиот акт предвиден со овој закон од страна на министерот за економија и труд со кој ќе се пропише начинот на објавување на цените на стоките и податоците што треба да се објавуваат согласно со член 15-а став (1) од Законот.

Со членот 8 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон ќе се заштитат интересите на потрошувачите и ќе се обезбеди основа за потрошувачите да направат избор врз основа на информираност и споредливост на цените на производите кои сакаат да ги купат. Исто така, ќе се осигура транспарентноста во однос на потрошувачите и ќе се спречи нефер конкуренцијата и злоупотребата на пазарот.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Поглавје 2

ОБВРСКИ НА ТРГОВЦИТЕ ПРИ ОЗНАЧУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ

Општа одредба за означување на цените

Член 11

(1) Трговецот е должен да ги означи стоките со продажната и единичната цена за стоките, на недвосмислен, видлив, читлив и јасен начин, а со цел за подобра информираност на потрошувачот и за олеснување на споредливоста на цените.

(2) Трговецот е должен да ги означи цените на услугите на начин на којшто се означуваат цените на стоките согласно со ставот (1) на овој член, со соодветни прилагодувања.

Овластувања на инспекторите

Член 210

(1) Во вршењето на инспекцискиот надзор инспекторите ги имаат правата, обврските и овластувањата предвидени со овој закон и со посебните прописи каде се утврдени нивните надлежности.

(2) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторите испитуваат дали трговецот:

1) ги почитува општите обврски во потрошувачките односи согласно со одредбите од членот 6 став (2), членот 7, членот 8 ставови (4), (5) и (7) и членовите 9 и 10 од овој закон;

2) ги означува цените согласно со одредбите од членовите 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 од овој закон;

3) ги почитува обврските при продажни поттикнувања согласно со одредбите од членовите 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28 од овој закон;

4) ги почитува обврските при заеднички понуди на стоки или услуги согласно со одредбите од членовите 29 и 30 од овој закон;

5) ги почитува обврските при плаќањето согласно со одредбите од членовите 31, 32, 33, 34, 35 и 36 од овој закон;

6) ги почитува обврските при предавањето документи и другите поврзани обврски согласно со одредбите од членовите 37, 38 и 39 од овој закон;

7) ги почитува обврските во поглед на одговорност за штета причинета од неисправен производ согласно со одредбите од членовите 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47 и 48 од овој закон;

8) ги почитува општите обврски во поглед на информирање на потрошувачите за услугите согласно со одредбите од членот 50 од овој закон;

9) ги почитува обврските при давање јавни услуги согласно со одредбите од членовите 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64 и 66 од овој закон;

10) ги почитува обврските во поглед на нечесните трговски практики согласно со одредбите од членовите 67, 68, 69, 70, 71, 72, 73, 74, 75, 76, 77 и 78 од овој закон;

11) користи нечесни договорни одредби согласно со одредбите од членовите 79, 80, 81, 82, 83, 84, 85 и 86 од овој закон;

12) ги почитува општите обврски во поглед на договорите за продажба и договорите за услуги согласно со одредбите од членовите 87, 88, 89, 90, 91, 92 и 93 од овој закон;

13) ги почитува обврските во поглед на договорите за продажба согласно со одредбите од членовите 94, 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113, 114, 115, 116, 117 и 118 од овој закон;

14) ги почитува обврските во поглед на договорите на далечина и договорите вон деловните простории на трговецот согласно со одредбите од членовите 119, 120, 121, 122, 123, 124, 125, 126, 127, 128, 129, 130, 131, 132 и 133 од овој закон;

15) ги почитува обврските во поглед на договорите за временски поделена употреба на недвижност, за долгорочен производ за одмор, за препродажба и за размена согласно со одредбите од членовите 134, 135, 136, 137, 138, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147 и 148 од овој закон;

16) ги почитува обврските во поглед на договорите за снабдување на дигитални содржини и дигитални услуги согласно со одредбите од членовите 149, 150, 151, 152, 153, 154, 155, 156, 157, 158, 159, 160, 161, 162, 163, 164, 165, 166, 167, 168 и 169 од овој закон и

17) ги почитува обврските во поглед на потрошувачките приговори согласно со одредбите од членовите 189, 190, 191, 192, 193, 194, 195, 196 и 197 од овој закон.

### Прекршоци и глоби

### Член 215

(1) Глоба во соодветен износ утврден во ставовите (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9) и (10) на овој член ќе му се изрече за прекршок на правното лице, доколку:

1) не ги почитува општите обврски во потрошувачките односи согласно со одредбите од членот 6 став (2), членот 7, членот 8 ставови (4), (5) и (7) и членовите 9 и 10 од овој закон;

2) ги означува цените спротивно на одредбите од членовите 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 од овој закон;

3) не ги почитува обврските при продажни поттикнувања согласно со одредбите од членовите 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28 од овој закон;

4) не ги почитува обврските при заеднички понуди на стоки или услуги согласно со одредбите од членовите 29 и 30 од овој закон;

5) не ги почитува обврските при плаќањето согласно со одредбите од членовите 31, 32, 33, 34, 35 и 36 од овој закон;

6) не ги почитува обврските при предавањето документи и другите поврзани обврски согласно со одредбите од членовите 37, 38 и 39 од овој закон;

7) не ги почитува обврските во поглед на одговорност за штета причинета од неисправен производ согласно со одредбите од членовите 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47 и 48 од овој закон;

8) не ги почитува општите обврски во поглед на обврски за информирање на потрошувачите за услугите согласно со одредбите од членот 50 од овој закон;

9) не ги почитува обврските при давање јавни услуги согласно со одредбите од членовите 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64 и 66 од овој закон;

10) врши дејствија на нечесна трговска практика спротивно на одредбите од членовите 67, 68, 69, 70, 71, 72, 73, 74, 75, 76, 77 и 78 од овој закон;

11) користи нечесни договорни одредби согласно со одредбите од членовите 79, 80, 81, 82, 83, 84, 85 и 86 од овој закон;

12) склучува договори за продажба или договори за услуги спротивно на одредбите од членовите 87, 88, 89, 90, 91, 92 и 93 од овој закон;

13) не ги почитува обврските во поглед на договорите за продажба согласно со одредбите од членовите 94, 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113, 114, 115, 116, 117 и 118 од овој закон;

14) кај договорите на далечина или договорите вон деловните простории на трговецот постапува спротивно на одредбите од членовите 119, 120, 121, 122, 123, 124, 125, 126, 127, 128, 129, 130, 131, 132 и 133 од овој закон;

15) кај договорите за временски поделена употреба на недвижност, за долгорочен производ за одмор, за препродажба или за размена постапува спротивно на одредбите од членовите 134, 135, 136, 137, 138, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147 и 148 од овој закон;

16) кај договорите за снабдување на дигитални содржини и дигитални услуги постапува спротивно на одредбите од членовите 149, 150, 151, 152, 153, 154, 155, 156, 157, 158, 159, 160, 161, 162, 163, 164, 165, 166, 167, 168 и 169 од овој закон и

17) не ги почитува обврските во поглед на потрошувачките приговори согласно со одредбите од членовите 189, 190, 191, 192, 193, 194, 195, 196 и 197 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е микротрговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е мал трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е среден трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(5) Глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е голем трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(6) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е микротрговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(7) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е мал трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(8) Глоба во износ од 350 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е среден трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(9) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е голем трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(10) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице, односно на трговецот-поединец за прекршокот од ставот (1) на овој член.